**20191011263**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1, 2 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА И ТРАНСПОРТОТ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН**

Се прогласува Законот за задолжување на Република Македонија со заем кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка по Договорот за заем за финансирање на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 мај 2019 година.

Бр. 08-2882/1
16 мај 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ЗАЕМ КАЈ МЕЃУНАРОДНАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ - СВЕТСКА БАНКА ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА И ТРАНСПОРТОТ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН**

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка со заем во износ од 26.200.000 ЕВРА, наменет за реализација на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од членот 1 од овој закон се утврдуваат со Договор за заем за финансирање на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка.

Во име на Република Македонија, Договорот за заем од ставот 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 12 години, со вклучен грејс период од четири години.

Каматната стапка е шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за фиксен распон.

По потпишувањето на Договорот за заем од членот 2 став 1 од овој закон Република Македонија ќе ѝ плати на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка еднократна провизија во износ од 0,25% од износот на заемот.

Република Македонија ќе ѝ плаќа на Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка провизија во висина од 0,25% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

Заемот ќе се отплаќа на 16 полугодишни рати секоја во износ од 6,25% од износот на заемот. Заемот ќе се отплаќа на 1 мај и 1 ноември секоја година.

Член 4

Корисници на средствата од заемот од членот 1 од овој закон се Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Царинската управа на Република Македонија и Јавното претпријатие за државни патишта.

Член 5

Република Македонија ќе го отплаќа заемот од членот 1 од овој закон од Буџетот на Република Македонија.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".